Република Северна Македонија
**Државен архив на Република Северна Македонија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Arkivi shtetëror i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ARKIVI SHTETËROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-3787/1
22.12. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРАВИЛНИК ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ИМАТЕЛИ НА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ И ВАЛОРИЗАЦИЈА И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ



ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје,декември 2022 година

Државен архив на Република
Кеј „Димитар Влахов“ бр.19, Скопје
02/3115-783

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Сл. весник на РМ" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) и член 36, став 1, алинеја 5 и 11 од Законот за архивски материјал ("Сл. весник на РМ" бр. 95/2012, 41/2014, 72/2015, 148/2015, 169/2015, 53/2016 и 11/18), директорот на Државниот архив на Република Македонија донесува:

# ПРАВИЛНИК
## За категоризација на иматели на архивски материјал (јавни и приватни иматели )и валоризација и категоризација на архивски материјал до 1945 година кој се наоѓа во Државниот архив

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите и постапката за категоризација на иматели на јавен и приватен архивски материјал и постапката за валоризација и категоризација на архивскиот материјал создаден до 1945 година кој се наоѓа во депоата на Државниот архив.

Член 2

Категоризацијата на имателите на јавен и приватен архивскиот материјал согласно Законот за архивски материјал го врши Државниот архив, и врз основа на оваа категоризација се изготвува список на јавни иматели и приватни иматели од посебен интерес за државата.

## 1. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ИМАТЕЛИ НА ЈАВЕН АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

Член 3

Категоризација на имателите на јавен архивски материјал се врши врз основа на следните критериуми:

- времето, местото, улогата и функционирањето на имателот на архивскиот материјал во државниот, политичкиот,стопанскиот, културниот и останатиот живот,
- степенот и развитокот на основната дејност, организациона поставеност,
- број на иматели со иста или слична дејност на одредено подрачје и степенот на комплетност на архивскиот материјал настанат во процесот на функционирање на имателот.

Член 4

Врз основа на критериумите од член 3 од овој правилник, се врши категоризација на имателите на јавен архивски материјал во две категории и тоа:

- **Прва категорија** на која и припагаат имател на јавен архивски материјал од особено значење за државата,
- **Втора категорија** на која и припаѓаат останатите иматели на јавен архивски материјал од значење за државата, имателот и за научни истражувачи.

Член 5

Во иматели на јавен архивски материјал од **прва категорија** припагаат следните иматели:

1. Собрание, Претседател на држава, Влада, органи на државната управа и други државни органи, ( министерства, секретаријати, совети, главни управи, главни дирекции, дирекции, агенции, управи, комисии, совети, центри, заводи, фондови, инспекторати и останати институции на јавната управа)
2. Правосудство и судови од највисоко ниво ( Уставен суд, Врховен суд, Републички судски совет, Републички јавен обвинител, Совет на јавни обвинители,Државен правобранител, Народен правобранител,Антикорупциска комисија и сл.)
3. Воени единици, установи и организации,
4. Просветни, културни, научни установи и организации од особено значење за државата ( Државен архив, Музеј на Македонија, МАНУ, МНТ, Филхармонија, НУБ, Национална галерија, културни манифестации од државно значење, културно уметнички и научни друштва од особено значење за државата и сл.)
5. Народна банка и Развојна банка на РСМ

Член 6

Во иматели на јавен архивски материјал од **втора категорија** припагаат следните иматели:

1. Управи и јавни служби на општините и град Скопје (локална самоуправа, центри за развој на плански региони, ЗЕЛС)
2. Правосудство и судови од пониско ниво (основни и апелациони судови, општински јавни обвинителства и правобранителства, општински народни правобранители)
3. Правда (казнено поправни установи, нотари, извршители, адвокати и адвокатски друштва и други правни лица кои вршат јавни овластувања).

4. Просветни, културни, научни установи и организации од особено значење за општините и институции од областа на заштита на животна средина (државни и приватни универзитети, факултети, основни и средни училишта, центри за култура, театри, музеи, библиотеки, конзерваторски центри, кинотека, ансамбли за игри и песни, зоолошки градини, национални паркови, институции за заштита на повеќенаменски заштитени подрачја, културно - уметнички и научни друштва од особено значење за општините, кои функционираат како здруженија на граѓани, нивната организациона поставеност е значајна за државата додека пак значењето на архивскиот и документарниот материјал што го создаваат е битен за науката, културата, уметноста, спортот, природата и слично и се класифицираат како иматели на јавен архивски материјал од втора категорија согласно следните критериуми:
   - година на формирање,
   - прикажани резултати,
   - начин на претставување на државата на меѓународната сцена,
   - значајни личности кои биле нивни членови и слично).

5. Социјални и здравствени установи ( државни градинки, државни студентски и ученички домови, државни старски домови, домови за деца без родители, државни институции за згрижување на деца со посебни потреби, универзитетски клиники, клинички болници, јавни здравствени општи и специјализирани болници заводи и институти, јавни здравствени домови, центри и институти за јавно здравје, центри за социјална работа, организации на Црвениот крст, хидробиолошки заводи).
6. Јавни претпријатија кои функционираат на централно и локално ниво ( ЈП кои стопанисуваат со државни имоти, јавни комунални претпријатија, јавни сообраќајни претпријатија, јавни претпријатија од областа на информирање и сл).
7. Акционерски друштва основани од државата или во кои доминантен капитал има државата ( АД за електро и водо стопанисување, АД за транспорт и поштенски услуги, АД за организација на игри на среќа и останати акционерски друштва во делумна или целосна сопственот на државата, фабрики и хотелско сместувачки капацитети во државна сопственост)
8. Правни лица со јавни овластувања од областа на безбедност во сообраќајот (станици за технички прегледи на возила и сообраќајни испитни центри кои го спроведуваат испитот са стекнување со возачка дозвола)

9. Стопански организации и здруженија и пензиски друштва (стопански здруженија – комори, пензиски друштва (прв, втор, трет пензиски столб) кои што функционираат согласно закон за ПИОМ, значајни стопански, трговски, угостителски, туристички, сообраќајни и земјоделско - сточарски претпријатија од локално значење кои во минатото биле во државна сопственост, а се класифицираат како иматели на јавен архивски материјал од втора категорија согласно следните критериуми:
   - година на формирање,
   - високо научни и технолошки достигнувања,
   - долгогодишно присуство на мегународниот пазар и слично).
10. Синдикати и сојузи кои што вршат единствена дејност, нивната организациона поставеност е значајна за државата, а значењето на архивскиот и документарниот материјал што го создаваат е битен за науката, културата, уметноста, спортот, природата и слично и од нив се создадени повеќе здруженија и друштва (Сојуз на синдикати и сл).
11. Спорт (спортски федерации, државни спртски репрезентации, олимписки комитет и истакнати спортски клубови кои се класифицираат како иматели на јавен архивски материја од втора категорија согласно следните критериуми:
   - година на формирање,
   - постигнати успеси на меѓународни натпревари и сл).
12.Останати друштва кои функционираат како здруженија на граѓани, а нивната организациона поставеност е значајна за државата додека пак значењето на архивскиот и документарниот материјал што го создаваат е битен за науката, културата, уметноста, спортот, природата и слично (здруженија на пензионери, здруженија на инвалидски пензионери, сојузи на борци од НОВ и слично.

## 3. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ИМАТЕЛИ НА П Р И В А Т Е Н АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

Член 7

Категоризација на имателите на приватен архивски материјал се врши врз основа на следните критериуми:

- степенот и развитокот на основната дејност, организациона поставеност,
- број на иматели со иста или слична дејност на одредено подрачје и степенот на комплетност на архивскиот материјал настанат во процесот на функционирање на имателот

Член 8

Врз основа на критериумите од член 7 од овој Правилник, се врши категоризација на имателите на приватен архивски материјал во 2 категории и тоа:

- Прва категорија на која и припаѓаат иматели на приватен архивски материјал кои создаваат архивски и документарен материјал кои согласно важечката регулатива содржат податоци од значење за државата во областа на стопанството,здравствениот систем и финансискиот систем .

- Втора категорија на која и припаѓаат останатите иматели на приватен архивски материјал кои не се од значење за државата, имателот и за научни истражувачи.

Член 9

Во иматели на приватен архивски материјал од **прва категорија** припаѓаат:

1. Општествено политички организации, партии,
2. Верски организации,
3.Големи сатопански и трговски друштва кои оставаат траен белег на стопанскиот живот во државата
4.Големи стопански и трговски друштва кои некогаш биле во државна сопственост а по пат на приватизација станале приватни трговски друштва
5.Банки и осигурителни компании кои оставаат траен белг во делот на финансиското работење во државата
6. Приватни здравствени установи кои хоспитализираат пациенти(клиники и болници) кои оставаат траен белег во здравствениот систем на државата)

Член 10

Во иматели на приватен архивски материјал од **втора категорија** спаѓаат:

1. Мали и микро стопански и трговски субјекти кои немаат значење за науката, културата, уметноста, спортот, природата и слично.
3. Приватни здравствени установи ( мали клиники и болници , матични доктори, стоматолози и слично)
4. Приватни детски градинки

5 . Приватни старски домови
6.Приватни геодетски друштва за премер и катастар
7.Книговодствени и сметководствени бироа, консултатски бироа и слично

## 4. КРИТЕРИУМИ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

Член 11

По извршената категоризација на имателите на архивски материјал се пристапува кон валоризација и категоризација на архивскиот материјал.

Член 12

Валоризација на архивскиот материјал претставува одбирање на архивскиот од документарниот материјал и се врши со цел за архивскиот материјал да се обезбеди сместување, физичко-техничка и технолошка заштита, стручно-научно истражување, проучување и обработка, како и негово користење за разни цели.

Член 13

Валоризираниот/одбраниот архивски материјал се категоризира со цел да се утврди значењето на архивскиот материјал за државата, науката и културата.

Член 14

Категоризацијата на архивскиот материјал се врши врз основа на следните критериуми:

- содржината на архивскиот материјал;
- авторство (создавач на архивски материјал);
- време и место на настанувањето на архивскиот материјал;
- единственост/реткост/ неповторливост на архивскиот материјал;
-изворност (оригинал)-репродукција (копија) на архивскиот материјал;
- автентичност - правна валидност на архивскиот материјал;
- сочуваност - комплетност на архивскиот материјал;
- јазични и други внатрешни и надворешни карактеристики на архивскиот материјал.

Член 15

Содржината на архивскиот документ претставува збир на севкупни особено значајни информации за одредени процеси, настани, појави, институции и личности од посебно значење за државниот, политичкиот, економскиот и културниот живот во Република Северна Македонија.

Содржината на архивскиот материјал треба да има особена вредност и значење за функционирањето на имателот, како и да има особена вредност и значење за научни цели и за користење во Државниот архив.

Авторството како критериум за категоризација на архивскиот материјал се определува врз основа на местото, улогата, надлежностите и задачите на создавачот (имателот) на архивскиот материјал за државниот, политичкиот, економскиот и културниот живот во Република Македонија.

Времето и местото на настанување на архивскиот материјал има особено значење ако е создаден во време и место на значајни општествено-политички промени, кои особено влијаеле на севкупниот општествен живот и има посебно историско значење при нејзиното категоризирање.

Единственост/реткост неповторливост има особено значење ако документите се јавуваат во единствена форма и вид и содржат релевантни податоци и информации.

Изворноста (оригиналноста)/ репродукција (копија) на архивскиот материјал се применува за документи што се создадени во повеке примероци, при што приоритет има оригиналниот (изворен) примерок, озваничен како архивски примерок.

Автентичност - правна валидност на архивскиот материјал имаат оние документи кои поминале во службена постапка на упис, озваничување (печат и потпис на овластеното лице) и служат како доказ во правниот промет.

Степенот на сочуваност - комплетност на архивскиот материјал се однесува на архивскиот материјал кој не е комплетен и во него недостасуваат основни документи за историјатот и дејноста на имателот, а постојат други документи со помало содржинско значење кои можат да дадат претстава за историјатот и дејноста на имателот а кои се вреднуваат во категоријата на основни документи.

Јазичните и другите внатрешни и надворешни карактеристики на архивскиот материјал, видот на материјалот и медиумот (носачот) на кој е набележан материјалот (хартија, микрофилм, ЦД и сл.), се категоризираат според јазикот и другите внатрешни и надворешни карактеристики на архивскиот материјал.

**5.КАТЕГОРИЗАЦИЈА И ВАЛОРИЗАЦИЈА НА АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ ДО 1945 ГОДИНА КОЈ СЕ НАОЃА ВО ДЕПОАТА НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ**

Член 16

Архивскиот материјал создаден до 1945 година кој се наоѓа во депоата на Државниот архив се категоризира во две категории: архивски материјал од прва и архивски материјал од втора категорија.

Член 17

Во архивски материјал од **прва категорија припаѓа:**

1. Собрание, Претседател на држава, Влада, Управа и јавни служби:
   1.1. Архивски фондови до 1944 година
   - архивски фондови до 1918;
   - архивски фондови од 1916-1941;
   - архивски фондови од 1941-1944;
   - НОО;

   1.2. Архивски фондови по 1944 година
   - АСНОМ;
   - Собрание на НРМ/СРМ/РМ;
   - Влада на НРМ, извршен совет на СРМ, Влада на Р.Македонија;
   - Министерства, секретаријати, совети, главни управи, главни дирекции, дирекции, комитети и комисии на НРМ, СРМ и РМ, агенции, управи, комисии, совети.

2. Правосудство и судови:
   2.1. Архивски фондови до 1944 година
   - Битолски, Штипски, Дебарски, Тетовски, Прилепски, Охридски кадилак, окупаторски и други судски органи до 1944.
   - Врховен шеријатски суд до 1941 година;
   - правосудни институции до 1944 година;
   - црковна православна митрополија (1919-1941);

   2.2. Архивски фондови по 1944 година
   - Уставен суд на Македонија;

- Врховен суд на Македонија
- Јавно/државно правобранителство на Македонија;
- Републички општествен правобранител на самоуправување;
- Републички јавен обвинител;
- Стопански суд на Македонија;
- окружни стопански судови;
- окружни и околиски судови во Македонија;
- Републички судски совет
- останати правосудни органи.

3. Воени единици, установи и организации:

3.1. Архивски фондови до 1941 година

3.2. Архивски фондови по 1941 година

- Врховен штаб на НО војска на Југославија;
- Главен штаб на Македонија;
- корпуси, дивизии, оперативни зони, бригади, баталјони и одреди на НОВ и ПО на Македонија;
- ЕЛАС и ДАГ;
- фондови на окупаторски единици, установи и организации од 1941- 1944 година;
- Републички штаб на ТО;
- Републички штаб на ЦЗ;
- Генералштаб на РМ;
- и слично.

4. Просветни, културни, научни установи и организации:

- просветни установи до 1913 година;
- културни и научни установи до 1944 година;
- Факултети и Виши школи до 1944 година;
- научни установи - институти од вонредно значење по 1944 година;
- универзитетите по 1944 година;
- државни, управни и културни установи: Архив на Македонија, Музеј на Македонија, МАНУ, МНТ, Филхармонија, НУБ, МТВ, културни манифестации од државно значење и др.
- средни училишта до 1944.

5. Социјални и здравствени установи до 1944 година

6. Стопанство, банкарство и осигурување:
- стопански здруженија до 1944 година;
- трговски агенства до 1944 година;
- стопански претпријатија од државно значење;
- иматели на архивскиот материјал за објекти од стратешко значење за Републиката;

7. Општествено политички организации:
- политички и политичко-општествени организации до 1944 година;
- граѓански организации до 1944 година;
- обласни и месни комитети на ЦК на КПМ, 1941-1990 година;
- политички организации и други здруженија од вонредно значење за Републиката;
- окружни и обласни комитети на КПМ;
-политички партии по 1990.

8. Верски установи и организации:
- верски установи до 1944 година;
- Македонска православна црква и други верски организации по 1944.

9. Останати:
- македонско-револуционерно и културно-преродбеничко движење до 1944 година.

10. Семејни и лични фондови:
- фондови на истакнати семејства чија дејност има посебно историско значење;
-лични фондови на революционери, преродбеници, борци и истакнати личности од политичкиот, културниот, просветниот и јавниот живот.

11. Збирки и поедпнечни документи од исклучително значење за историјата на Македонија

12. Фондови донесени од странство по пат на истражување од исклучително значење за историјата на Македонија.

Член 18

Во **архивски материјал од втора категорија спаѓа:**

1. Управи и јавни служби на општините, околиите, градовите и реоните:
   - локална самоуправа.

2. Правосудство и судови:

   - општински, основни и апелациони судови во Македонија;
   - судови на здружен труд во Република Македонија;
   - општински јавни обвинителства;
   - Општинско јавно правобранителство;
   - Општински правобранител на самоуправување.

3. Воени организации:
   - општински штабови на ТО;
   - општински штабови на ЦЗ.

4. Просветни установи:
   - факултети, институти, педагошки академии и виши училишта по 1944 година;
   - средни училишта по 1944 годика;
   - културни и научни институции по 1944 година кои имаат локално значење (библиотеки, музеи и др.);
   - културни и научни манифестации по 1944.

5. Социјални и здравствени установи:
   - здравствени и социјални установи по 1944 година;

6. Стопанство, банкарство и осигурување:
   - стопански здруженија - комори,
   - значајни стопански претпријатија од локално значење;
   - трговски, угостителски, туристички и сообраќајни претпријатија од државно и локално значение.

7. Политички организации:
   - политички и граѓански организации и друштва по 1944 година;
   - хуманитарни и културно-просветни друштва по 1944 година;
   - околиски и општински општествено-политички организации;
   - друштва и здруженија по 1944.

8. Семејни и лични фондови:
   - фондови на истакнати лица и семејства чија дејност има локално значење;

9. Збирки и поединечни документи кои не се од исклучително значење за историјата на Македонија.

## 6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за категоризација на иматели на архивски материјал и валоризација и категоризација на архивски материјал, бр. 01- 268/1 од 25.01.2017 година.

Член 20

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесуваюето.

Предлагачи:-Сектор за инспекциски надзор, стручен надзор и помош кај имателите
вд Раководител на Сектор Игор Сотиров

ДИРЕКТОР
Д-р Емил Крстески

-------------------------------